Агенција за храна и ветеринарство

# Нутритивни и здравствени тврдења







Примариус Д-р Ленче Јовановска
Специјалист по епидемиологија
Раководител на сектор

# Правна рамка во Република Македонија за нутритивни и здравствени тврдења

- Законот за безбедност на храната(Член 29) (Службен весник на РМ бр. 157/10)

- Правилникот за нутритивни и здравствени тврдења кои се користат во комерцијални цели при означување на храната, при нејзино презентирање и рекламирање (Службен весник на РМ бр. 65/13)

# Европска легислатива

РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) БР. 1924/2006 за нутритивни и здравствени тврдења кои се истакнуваат на прехранбени производи во комерцијални цели

- **Измени на прописот на ЕУ:**
- 32008R0107, Регулатива (ЕЗ) 107/2008
- 32008R0109, Регулатива (ЕЗ) 109/2008
- 32010R0116, Регулатива (ЕУ) 116/2010
- 32012R1047, Регулатива (ЕУ) 1047/2012
- 32013R0907, Регулатива (ЕУ) 907/2013 нова е и не е во правилникот.
- 32012R0432, Регулатива (ЕУ) 432/2012 – одобрени и неодобрени или отфрлени тврдења
- 32013R1066, Регулатива (ЕУ) 1066/2013 најнова е и се однесува на неодобрени или отфрлени здравствени за намалување на ризик од болест и здравствени тврдења кои се однесуваат на растот и развојот на децата и нивното здравје

# Која храна е опфатена со овој правилник

- Сите прехранбени производи наменети за крајниот потрошувач и
- прехранбени производи наменети за испорака во ресторани, болници, училишта, кантини и во други угостителски објекти наменети за исхрана



# За која храна не се применува овој правилник

Прехранбените производи кои се во рефус или ринфузна состојба

- свежи производи како овошје, зеленчук или леб наменети за продажба на крајниот потрошувач или за големи дистрибутери или угостителски објекти и
- прехранбени производи спакувани на лице место на барање на купувачот или претходно се спакувани и наменети за брза продажба.



Агенција за храна и ветеринарство



# Дефиниции

- „Тврдење“ е секоја порака или претставување кое не е задолжително......






Вклучувајќи и

- слики или илустрирано и
- графичко претставување или
- претставување со симболи,
- во каков било облик,



со кое се тврди, сугерира или се имплицира дека прехранбениот производ има одредени карактеристики.



# Дефиниции

„Нутритивно тврдење“ е секое тврдење со кое се тврди, сугерира или се имплицира дека прехранбениот производ има одредени корисни нутритивни својства поради:

- (а) енергетската (калориската) вредност која тој:

  - ја обезбедува,

  - ја обезбедува со намалена или со зголемена вредност, или

  - не ја обезбедува; и/или

- (б) хранливите супстанци или другите супстанци кои тој:

  - ги содржи,

  - ги содржи во намален или во зголемен обем, ил

  - не ги содржи.



# Дефиниции

- „Здравствено тврдење“ е секое тврдење со кое се тврди, сугерира или се имплицира дека постои однос меѓу прехранбениот производ, или групата на производи од категоријата на прехранбениот производ или еден од неговите составни делови и здравјето на луѓето.

# Дефиниции

- „Тврдење за намалување на ризикот од болест“ е секое здравствено тврдење со кое се тврди, сугерира или се имплицира дека консумирањето на прехранбениот производ, или на групата на производи од категоријата на прехранбениот производ или на некој од неговите составни делови значително го намалува факторот на ризик за развој на некоја болест кај луѓето.



# Целта на правилникот - правилна употреба на тврдењата

- Тврдењата **не треба да бидат лажни, двосмислени или да ги доведуваат во заблуда потрошувачите**;
- Тврдењата **не треба да предизвикуваат сомневање во врска со безбедноста или во хранливата вредност на други прехранбени производи;**
- Тврдењата **не треба да поттикнуват на зголемено консумирање на еден прехранбен производ или да ја осудува преголемата консумација на еден прехранбен производ;**
- Тврдењето **не треба да истакнува, сугерира или наведува дека балансираната (урамнотежената) и разновидна исхрана не може да го обезбеди соодветното количество на хранливи материи**.
- Тврдењето **не треба да упатува на промени во физиолошкото функционирање на човечкиот организам кои можат да предизвикаат страв или да го користат стравот кај потрошувачот.**

Агенција за храна и ветеринарство

# Временска рамка за примена на правилникот

- Овој Правилник влезе во сила во мај месец, но неговата примена е одложена за 1 јануари 2014 година со цел да се даде време за прилагодување на:

- операторите со храна на условите и барањата утврдени во овој правилник,
- да се подготви процедурата во Агенцијата за храна и ветеринарство и
- да се обучат вработените од Агенцијата кои ќе учествуваат во процедурата за одобрување на здравствените тврдења и во контролата на користењето на нутритивните и здравствените тврдења.

# Активности за информирање на операторите со храна

- За имплементацијата на овој правилник ги известивме операторите со храна со соопштение на нашиот портал кое го превзедоа и медиумите со што ни помогнаа во пошироко информирање на јавноста за оваа тема.
- Се подготвуваат работни состаноци со Стопанските комори за работилници на тема „Нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели“.
- Дел од операторите кои произведуваат или увезуваат додатоци во исхраната кои на означувањето на производот имаат здравствено тврдење и писмено ги известуваме дека е потребно да поднесат барање за одобрување на тврдењето во Агенцијата.

# Активности за информирање на операторите со храна

- Учество на преставници на Агенцијата на семинари или работилници на оваа тема
- Соработка на Агенцијата со медиумите со цел доближување на оваа тема до јавноста и операторите со храна
- Потребно е да укажеме на операторите со храна дека Агенцијата за храна и ветеринарство ќе одобрува **само здравствени тврдења** на сите видови прехранбени производи било да се од домашно производство или од увоз.

# Нутритивни тврдења

- Во однос на **нутритивните тврдења потребно е операторите со храна сами да ги усогласат** овие тврдења со нутритивните тврдења и условите за нивна употреба. Овие услови се прецизно утврдени во прилогот на правилникот каде се **определени 32 нутритивни тврдења**
- Операторите со храна треба да ги исполнат овие услови кои се различни за секое нутритивно тврдење, односно прехранбениот производ по својот состав треба да ги исполнува условите наведени во прилогот за соодветното нутритивно тврдење

Агенција за храна и ветеринарство

# Нутритивни тврдења




- На пример: за да се стави на некој производ тврдењето „НЕ СОДРЖИ ШЕЌЕРИ“ тој производ не треба да содржи повеќе од 0.5 грама шеќери на 100 грама или на 100мл.
- Или пак нутритивното тврдење „ИЗВОР НА РАСТИТЕЛНИ ВЛАКНА“ може да се стави на производ кој содржи најмалку 3 грама растителни влакна на 100 грама од производот.



# Услови за користење на нутритивни тврдења

МАЛО КОЛИЧЕСТВО МАСНОТИИ
**или**
НИСКА СОДРЖИНА НА МАСТИ

- **Тврдење дека храната содржи мало количество маснотии, и секое тврдење кое го има истото значење за потрошувачот** може да се даде во случај кога производот не содржи повеќе од 3 g маснотии на 100 g производ во цврста состојба или 1,5 g маснотии на 100 ml производ во течна состојба (1,8 g маснотии на 100 ml во случај на полу-обезмастено млеко).

# Услови за користење на нутритивни тврдења

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Витамини/ Минерали** | **Извор на*** | **Големо количество на*** | |
| | 15 % од просечниот дневен внес(ПДВ) на 100 g или 100 ml на пакување или на пакување ако пакувањето содржи една порција | 30С % од просечниот дневен внес(ПДВ) на 100 g или 100 ml на пакување или на пакување ако пакувањето содржи една порција | |
| **Хранлива состојка/субстанција** | **Содржи*** | **Големо*** | **Редуцирано*** |
| | Согласно условите, односно барањата за „ ИЗВОР НА“ | Содржи 30 % повеќе од друг сличен компаративен производ, и ги исполнува условите за „ИЗВОР НА“ (освен за витамини и минерали) | Содржи 30 % помалку од друг сличен компаративен производ, (10 % за минерали и витамини; 25 % за натриум или соодветна содржина на готварска сол) |
| **Готварска сол / NaCl** | **Мало количество*** | **Многу мало количество*** | **Не содржи готварска сол*** |
| | ≤ 0,12 g Na или соодветна содржина на готварска сол/ 100 g или 100 ml | ≤ 0,04 g Na или соодветна содржина на готварска / 100 g or 100 ml | ≤ 0,005 g Na или соодветна содржина на готварска сол / 100 g or 100 ml |

* И секое слично тврдење кое го има истото значење за потрошувачот

# Услови за користење на нутритивни тврдења

ИЗВОР НА ПРОТЕИНИ

- **Тврдењето дека храната претставува извор на протеини и секое тврдење кое го има истото значење за потрошувачот** може да се даде или означи  доколку најмалку 12% од енергетската вредност на храната е обезбедена од протеини.

# Услови за користење на нутритивни тврдења

ПРИРОДНО

- **Во случај кога храната природно ги исполнува условите кои се пропишани во Прилогот на овој Правилник во однос на нутритивните тврдења, зборот ‘природно’ може да се стави пред нутритивното тврдење.**

# Услови за користење на нутритивни тврдења

ИЗВОР НА ПРОТЕИНИ

- **Тврдењето дека храната претставува извор на протеини и секое тврдење кое го има истото значење за потрошувачот** може да се даде или означи доколку најмалку 12% од енергетската вредност на храната е обезбедена од протеини.

# Услови за користење на нутритивни тврдења

ЛЕСНО

- Тврдењето кое потврдува дека производот е ‘**лесен**’, и секое тврдење кое го има истото значење за потрошувачот, треба да ги исполнува сите услови како оние кои се пропишани за поимот ‘**намалено**’; **тврдењето треба да биде проpратено со укажување на карактеристиките кои ја прават храната за биде ‘лесна’.**

# Примери за нутритивни тврдења од пазарот




Богато со витамини и минерали




Збогатено со железо, влакна,магнезиум, витамини

Mintel

Агенција за храна и ветеринарство

# Примери за нутритивни тврдења од пазарот




Со железо

+ Калциум
Витамин D
Магнезиум




Mintel

# Примери за нутритивни тврдења од пазарот




33 % помалку сол

40 % помалку сол

Mintel

# Информации за нутритивниот состав

- Кога се истакнува нутритивно тврдење или било какво здравствено тврдење задолжително на означувањето мора да ги има **информациите за нутритивниот состав**, особено нутритивниот факт на кој се основа нутритивното или здравственото тврдење.

- Начинот на означување на информациите за нутритивниот состав е утврден во Правилникот за начинот на означување на храната.






| Nutrition Information | Per 100g |
|---|---|
| **Energy** | 245kJ<br>600kcal |
| **Protein** | 23.4g |
| **Carbohydrate**<br>of which:<br>sugars | 18.6g<br><br>1.7g |
| **Fat**<br>of which:<br>saturates<br>mono-unsaturates<br>polyunsaturates | 47.5g<br><br>4.7g<br>9.8g<br>31.0g |
| **Fibre** | 6.0g |
| **Sodium** | Trace |
| **Vitamin A** | 120µg (15% RDA) |
| **Vitamin C** | 16mg (20% RDA) |
| **Iron** | 7.5mg (54% RDA) |

# Здравствени тврдења - типови

- Здравствени тврдења кои можат да се истакнат и се различни од оние кои се однесуваат на намалување на ризикот од болест и на развојот на децата и нивното здравје,
- здравствени тврдења за намалување на ризик од болест и
- здравствените тврдења кои се однесуваат на растот и развојот на децата и нивното здравје.

# Општи - неспецифични здравствени тврдења

Здравствени тврдења кои можат да се истакнат и се различни од оние кои се однесуваат на намалување на ризикот од болест и на развојот на децата и нивното здравје и се основаат на општо прифатени научни ставови.

100% Природно го подржува на имуниот систем

Општото здравствено тврдење секогаш мора да биде пропратено со специфично здравствено тврдење.

Витаминот С помага во нормалното функционирање на имуниот



# Здравствени тврдења може да се наведат само ако се вклучени следниве изјави:

- Изјава која укажува на важноста на разновидна и балансирана исхрана и здрав начин на живот;
- Количество храна и обрасци на консумирање потребни за да се добие корисниот ефект од тврдењето;
- Изјавата, доколку тоа е соодветно, може да се однесува на лица кои треба да го избегнуваат користењето на прехранбениот производ и
- Соодветно предупредување за производи кои можат да претставуваат ризик по здравјето поради прекумерно консумирање.

# Здравствени тврдења

- За да биде одобрено здравственото тврдење треба да се заснова на научни докази, научна истражувачка работа, клиничка студија, публикувани научни трудови и сл.
- Компаниите не мора да прават истражувања, можат да користат веќе публикувани научни трудови, обично истражувања и клинички студии се прават за нови научни сознанија кои се однос помеѓу некоја состојка на прехранбениот производ и здравјето на луѓето.

# Одобрено здравствено тврдење



- Процедура за одобрување
- При презентирањето на , или при рекламирањето на производот или на означувањето на производот **може да стои само здравственото тврдење кое претходно ќе биде одобрено од страна на Агенцијата.**

# Регистер на здравствени тврдења на ЕУ



ec.europa.eu/nuhclaims/?event=search&CFID=755251&CFTOKEN=aaadb45a525c5fbd-107DE97C-CF24-CA7F-F9905A0311AEA1F6&jsessionid=93126f059b3fc432cbb0675357c731b6f323TR

Legal notice | Contact | Search | English (en)

European Commission

HEALTH AND CONSUMERS

Food

EUROPA > European Commission > DGs > Health and Consumers > Food and Feed Safety

Food Law | Animal Nutrition | Labelling & Nutrition | Biotechnology | Novel Food | Chemical Safety | Biological Safety | Official Controls | Sustainability | Food Improvement Agents

Health & Nutrition Claims

EU Register On Nutrition & Health Claims

Overview

Health claims

Nutrition claims

## EU Register on nutrition and health claims

The search tool only allows searches for health claims*, and not nutrition claims.

* **Health claims for which protection of proprietary data is granted** (and for which the right of use of the claim is restricted to the benefit of the applicant) are **only** listed here.

You can also download the complete dataset of nutrition and health claims in the following formats:

Search the register

**Claim status:** Status | **Type of claim:** Claim type | **EFSA Opinion reference:** EFSA opinion reference

**Legislation:** Commission Regulation

**Search:** | **Match entire phrase:**

**The table will automatically refresh based upon the selections you make.** Clear filters

*Showing 1 to 10 of 2,209 results*

Show 10 results

First | Previous | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | Next | Last

| Claim type | Nutrient, substance, food or food category | Claim | Conditions of use of the claim / Restrictions of use / Reasons for non-authorisation | Health relationship | EFSA opinion reference / Journal reference | Commission Regulation | Status | Entry ID |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Art.13(1) | Activated charcoal | Activated charcoal contributes to reducing excessive flatulence after eating | The claim may be used only for food which contains 1 g of activated charcoal per quantified portion. In order to bear the claim information shall be given to the consumer that the beneficial effect is obtained with 1 g which should be taken at least 30 minutes before and 1 g shortly after the meal. | reduction of excessive intestinal gas accumulation | 2011;9(4):2049 | Commission Regulation (EU) 432/2012 of 16/05/2012 | Authorised | 1938 |
| Art.13(1) | Alpha-linolenic acid (ALA) | ALA contributes to the maintenance of normal blood cholesterol levels | The claim may be used only for food which is at least a source of ALA as referred to in the claim SOURCE OF OMEGA 3 FATTY ACIDS as listed in the Annex to Regulation (EC) No 1924/2006. Information shall be given to the consumer that the beneficial effect is obtained with a daily intake of 2 g of ALA. | maintenance of normal blood cholesterol | 2009;7(9):1252, 2011;9(6):2203 | Commission Regulation (EU) 432/2012 of | Authorised | 493, 568 |

# Важноста на текстот на здравственото тврдење

- Ако сакаме текстот на здраственото тврдење да го приспособиме на нашите потреби, првото начело што треба да се почитува е дека **адаптираниот текст мора да значи исто за потрошувачот како одобрениот текст во Регистарот или Списокот бидејќи ова е поткрепено со научни докази**.
- Важно е дека адаптираниот текст на тврдењето ја покажува истата врска помеѓу храната или еден од нејзините составни делови и здравјето на луѓето.
- Во практика, ова значи дека тврдењето не треба да биде направено '**помоќно**' од одобреното тврдење.
- Важно е дека текстот на здравственото тврдење не е адаптирано во медицинско тврдење.
- Исто така важно е дека **тврдењето не смее да биде презентирано на тој начин да биде неразбирливо**.

# Примери за прифатливо адаптирање на текстот на здравственото тврдење

Одобреното здравствено тврдење е : " Х **придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем** ".

Тоа може да биде оправдано со замена:
'придонесува кон ' или со

- " Х игра улога во нормалната функција на имунолошкиот систем" или
- "Х ја поддржува нормалната функција на имунолошкиот систем" или
- "Х придонесува за одржувањето на нормалната функција на имунолошкиот систем"
-

# Примери за неприфатливо адаптирање на текстот на здравственото тврдење

- Одобреното здравствено тврдење е :

“ X **придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем** ”.

Неприфатливи се текстовите:

- “ X ja стимулира нормалната функција на имунолошкиот систем” или
- “X ja одржува нормалната функција на имунолошкиот систем” .
-

# Примери:

Здравствено тврдење: “X **придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем**”.

Ако производот Y го содржи соодветното количество на хранливи материи X ќе биде прифатливо да се користи следниот текст:

- “X придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем” или
- “Y содржи X кој што придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем“,
- но не е прифатлив текстот: “Y придонесува за нормалната функција на имунолошкиот систем”

# Примери:

- Во случајот кога еден производ содржи витамин B6, B12 и C, прифатливо би било да се каже „Мешавина од витамини (Витамин B6, B12, C) која придонесува за намалување на  умор, исцрпеност како и за нормалното функционирање на имунолошкиот систем.“ Ова е прифатливо бидејќи индивидуалните здравствени тврдења  се видливи и бидејќи сите три витамини се одговорни за секој од изнесените резултати.

# Примери:

- Меѓутоа, во случајот кога еден производ содржи биотин, фолна киселина и ниацин, не би било прифатливо да се каже: „Мешавина од витамини кои придонесуваат за нормалното функционирање на имунолошкиот и на нервниот систем  и за одржување на нормална кожа“.
- Индивидиуалните здравствени тврдења не се соодветни, па би било погрешно да се претпостави дека **сите три витамини се одговорни за секој од изнесените резултати.**

# Употреба на терминот ‘нормален ’, ‘здрав’ или ‘правилен’

- Здравственото тврдење **“X придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем”**.

Во однос на производот Y  кој што го содржи соодветното количество на хранливи материи X ќе биде прифатливо ако се каже:

- “X придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем” или
- “Y содржи X кој што придонесува за нормална функција на имунолошкиот систем“ .

Но, неприфатлови се текстовите :

- “Y придонесува за нормалната функција на имунолошкиот систем” или
- “Y придонесува за нормална функција на имунолошкот систем.Y содржи X .”

бидејќи не постои јасна врска направена помеѓу X и потврдените ефекти.

# Пример додаток во исхраната

- Додатокот во исхраната наречен „Производот Y“ на чие означување стои следното:
- „Производот Y – содржи хондроитин, витамин C

  Витаминот C придонесува нормално да се создава колагенот за нормално функционирање на зглобовите.“

  Претставено на овој начин, би можело да се види дека текстот укажува на тоа дека хондроитинот, како и витаминот C, придонесува за нормалното функционирање на зглобовите.

  Но, здравственото тврдење не е одобрено за хондроитинот и затоа ваквото претставување би можело да биде погрешно.

Агенција за храна и ветеринарство

# Употреба во комерцијални цели

- Мора да се нагласи дека употребата на нутритивни и здравствени тврдења **не е задолжителна, таа е во комерцијални цели** и ако операторот сака да потенцира некои својства на својот производ со употребата на овие тврдења тогаш операторот со храна мора да ги почитува правилата од правилникот.
- Овој правилник може да предизвика активности на операторите во смисла ако треба да се коригира означувањето на опаковката на производот, да се смени рекламата или корекција на материјалите за презентирање, па затоа и е даден поголем временски период за прилагодивање односно примената на правилникот е 7 месеци по неговото објавување.

# Взаемна поврзаност



- Мора да потсетиме дека правилникот е со цел заштита на потрошувачите од заблуда и нивно правилно информирање за храната која ја консумираат.







www.fva.gov.mk

# Ви благодарам на вниманието

Скопје, 01.11.2013